3912

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје

- 8. VIII. 1967

И ИЗЛОЖБА И СТИПЕНДИЈА

КУЛТУРЕН РАЗМЕРНИК

»БЕЛГИСКА ЕСЕН« НА ЈАНКУЛОВСКИ

★ МАКЕДОНСКИОТ ЛИКОВЕН УМЕТНИК ЌЕ ИЗЛАГА САМОСТОЈНО ВО МЕХЕЛЕН, БРИСЕЛ И АНТВЕРПЕН

ЦАНЕ ЈАНКУЛОВСКИ

Македонскиот ликовен уметник Цане Јанкуловски во почетокот на септември годинава, ќе отвори самостојна изложба во Мехелен, Белгија. На изложбата ќе бидат презентирани 20 слики (во масло) и 10 цртежи што се настанати во периодот од 1964 година до денес.

Интересно е да се одбележи дека оваа самостојна изложба Цане Јанкуловски ќе ја презентира и во Брисел (октомври) и во Антверпен (ноември).

Во разговорот што го по ведовме со сликарот Цане Јанкуловски се интересиравме за тоа како дојде до организирање на неговата самостојна изложба во овие три најголеми културни центри во Белгија.

— Сé започна во Битола. Имено, минатата година во рамките на пролетната изложба на ДЛУМ во битолската Галерија беше изложена и мојата слика што носи наслов „Срж“. Изложбата ја посетил некој белгиски државјанин и по секоја цена сакал да ја откупи. Но, му рекле дека сликата е веќе откупена. Но, на крајот белгискиот државјанин успеал случајно од некои пријатели да ја добие мојата адреса. Тој од Белгија ми се јави со едно мошне љубезно писмо и ме запраша дали јас би сакал да излагам самостојно во Белгија. Се разбира дека му одговорив потврдно и моите творби што ќе бидат есенва презентирани на самостојната изложба во Мехелен, Брисел и Антверпен, веќе се наоѓаат во Белгија, ни рече сликарот Јанкуловски.

— Што за вас претставува презентирањето на вашите творби пред љубителите на ликовната уметност во Белгија?

— Да бидам искрен: поканата за организирање на самостојна изложба во Мехелен, Брисел и Антверпен претставува големо признание за мојата работа како сликар. Но, такво едно признание јас очекував дека ќе добијам тука во Скопје, но за жал луѓето што требаше да ми го оддадат тоа признание секогаш вешто успеваа со затворени очи да поминат врз моите творби. Сакам посебно да нагласам дека сум пресреќен што мојата самостојна изложба во Белгија не е резултат на некои мои приватни врски со организаторите од странство, туку е резултат на тоа што една моја слика изложена тука, во Македонија, му се допаднала на еден белгиски граѓанин.

На крајот од разговорот ликовниот уметник Цане Јанкуловски ни рече дека по презентирањето на самостојната изложба во Мехелен, Брисел и Антверпен, тој од галеријата „Нова“ во Мехелен, што е, всушност, организатор на неговата самостојна изложба, ќе добие стипендија за едногодишен студиски престој во Белгија.

Т. Ширилов